-830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУ[...]
НА СОЦИЈАЛИСТ[...]А

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-19644

Петок, 4 јануари 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 1 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 18 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 300 динари — Редакција Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650 155; Уредништво 651 855; Служба за претплата 651 732; Комерцијален сектор 651 671; Телекс 11756

**1.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ЦЕНИТЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

Се прогласува Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година.

ПР бр. 825
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с.р.

## ЗАКОН

### ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ЦЕНИТЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНАТА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат основите на системот на цените и општествената контрола на цените што се применуваат на единствениот југословенски пазар и се утврдуваат правата и должностите на работниците во основните и други организации на здружен труд и на работните луѓе и на граѓаните во самоуправните интересни заедници, во месните заедници и во други самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките заедници при формирањето на цените на производите и услугите и при усогласувањето и уредувањето на односите во областа на цените на единствениот југословенски пазар, како и нивните права и должности во спроведувањето на општествената контрола на цените.

Член 2

Цената, во смисла на овој закон, како израз на дејствувањето на економските законитости, а посебно на законитостите на пазарот, во условите на социјалистички самоуправни општествено-економски односи и на планско насочување на вкупните текови на општествената репродукција, е инструмент за размена на производите и услугите на единствениот југословенски пазар, како и суштествен составен дел на самоуправните спогодби, општествените договори и на договорите, со кои се остваруваат и развиваат односите во стекнувањето и распределбата на доходот помеѓу организациите на здружен труд односно помеѓу другите учесници на општествената репродукција.

Член 3

Во условите на социјалистичкото самоуправување на општествена сопственост над средствата за производство, на општествениот карактер на доходот, на економско-правната самостојност на основната и друга организација на здружен труд и на насочувањето на развојот и усогласувањето на односите на пазарот врз самоуправни основи, а изразувајќи го дејствувањето на економските законитости, посебно на законитостите на пазарот, цената:

1) општествено ги вреднува резултатите од трудот на работниците во основните и други организации на здружен труд во зависност од производноста на нивниот и на вкупниот општествен труд и од успешноста на управувањето и на стопанисувањето со општествените средства;

2) овозможува планско насочување на вкупните текови на општествената репродукција и придонесува кон усогласувањето на материјалните односи во општествената репродукција;

3) укажува на правците на економски рационалното ангажирање и на користењето на природните, со труд создадени и работни потенцијали на општеството и на рационалната поделба на вкупниот општествен труд;

4) ја изразува мерата за рационално вклучување во меѓународната размена на производите и услугите и во меѓународната поделба на трудот.

Член 4

Работниците во основните и други организации на здружен труд и работните луѓе и граѓаните во самоуправните интересни заедници, во месните заедници и во други самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките заедници имаат право и должност, во согласност со одредбите на овој и на други закони, да ја уредуваат целината на односите на пазарот и условите за размена на производи и услуги, да ја утврдуваат политиката на цените и да преземаат мерки за нивно остварување, како и да вршат општествена контрола на цените.

Член 5

При формирањето на цените и при општествената контрола на цените, работниците во основните и други организации на здружен труд и работните луѓе и граѓаните во самоуправните интересни заедници, во месните заедници и во други самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките заедници, како и органите на општествено-политичките заедници се должни да тргнуваат од дејствувањето на економските законитости во условите

Член 13

Основната организација што произведи и услуги и продава на друга основна организација во рамките на работна организација односно на сложена организација на здружен труд, којашто тие ги користи во натамошното производство или во финалната потрошувачка, спогодбено со таа основна организација ги формира цените, имајќи ги предвид нотрајните односи во движењето на цените и другите услови на пазарот и мерилата предвидени со самоуправната спогодба, во согласност со самоуправната спогодба за здружување и со овој закон.

Член 14

Ако, согласно со самоуправната спогодба за здружување, производи и услуги од една основна организација користи друга основна организација во натамошното производство или во финалната потрошувачка, цените на тие производи и услуги ги формираат тие основни организации со самоуправна спогодба за утврдување и распоредување на заедничкиот приход остварен со продажба на финалниот производ односно со самоупрвна спогодба за цените, во согласност со самоуправната спогодба за здружување.

Член 15

Основната организација самостојно одлучува во кои случаи цените ќе ги формира и со посебна самоуправна спогодба за цените што ги склучува со други самоуправни организации и заедници, а со кои врз потрајна основа се воспоставуваат и уредуваат нивните меѓусебни економски односи и врз основа на тоа односите на цените. Во тие самоуправни спогодби се тргнува од критериумите за формирање на цените утврдени со овој закон.

Постапката за самоуправно спогодување за цените се спроведува, по потреба, со стручна помош од надлежната заедница за работите на цените.

Член 16

Основните организации што се занимаваат со работите на прометот на производи и услуги од интерес за непосредна потрошувачка на работните луѓе и на граѓаните и основните организации што ги произведуваат тие производи односно ги вршат тие услуги, се должни, по барање од потрошувачите, организирани во месни заедници и во други самоуправни заедници и организации на потрошувачи (во натамошниот текст: организирани потрошувачи), да поведат постапка за вклучување на самоуправна спогодба со која се уредуваат нивните меѓусебни односи, а особено формирањето на цените на производи и услуги, учеството на организираните потрошувачи во остварениот приход, како и други прашања од заеднички интерес, за што го известуваат надлежниот орган на општествено-политичката заедница.

Ако во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето од став 1 на овој член не се поведе постапка за склучување на самоуправна спогодба односно ако во натамошниот рок од 60 дена не се склучи самоуправна спогодба, надлежниот орган на општествено-политичката заедница може да преземе мерки за непосредна контрола на цените предвидени со законот.

Член 17

При формирањето на цените не смее да се користи монополската положба, ниту на тој или друг противзаконит начин да се доведува во нерамноправна положба друга самоуправна организација и заедница или друг учесник во прометот.

Член 18

Усогласувањето и уредувањето на односите во областа на цените и на други односи во врска со цените врз потрајна основа, може да се врши и со општествени договори за цените, во согласност со законот.

Во склучувањето на општествените договори за цените учествуваат и надлежните органи на општествено-политичките заедници, заинтересираните самоуправни организации и заедници и заедниците за работите на цените, во согласност со законот.

Член 19

Ако стабилноста на пазарот, остварувањето на општествениот план или други посебни општествени интереси бараат спогодбено односно договорно уредување на цените, надлежниот орган на општествено-политичката заедница може да пропише обврска за поведување постапка за самоуправно спогодување односно за општествено договарање за цените, и да определи рок за поведување на таа постапка.

Ако во утврдениот рок не се поведе постапката од став 1 на овој член односно ако во рок од 60 дена од истекот на рокот за поведување на таа постапка не се склучи самоуправна спогодба или општествен договор за цените, надлежниот орган на општествено-политичката заедница може да преземе мерки за непосредна контрола на цените предвидени со законот.

Член 20

Самоуправната спогодба за цените содржи особено: имиња на учесниците во самоуправната спогодба; цел на самоуправното спогодување; назив на производот или на група производи односно услуги; цели утврдени со политиката на цените; начин на применување на критериумите за формирање на цените утврдени со овој закон и начин на контрола на применувањето на тие критериуми; време на важењето на самоуправната спогодба и на цените формирани со таа самоуправна спогодба; начин на решавање на споровите; начин на поднесување на заедничкиот ризик и мерки што ќе се применат спрема учесникот на самоуправната спогодба кој не се придржува кон нејзините одредби.

Член 21

Општествениот договор за цените содржи особено: имиња на учесниците во општествениот договор; цел на општественото договарање; цели утврдени со политиката за цените; начин на применување на критериумите за формирање на цените утврдени со овој закон; начин на спроведување на општествениот договор; време на важењето на општествениот договор и начин на решавање на споровите.

Член 22

Организациите на здружен труд што се занимаваат со работите на прометот на производи и услуги, заедно со производствените и други организации на здружен труд со кои работат, формираат цени на производите и услугите со самоуправна спогодба за здружување на трудот и средствата или со самоуправна спогодба за потрајна деловна соработка, во согласност со законот.

Организациите на здружен труд што се занимаваат со работите на прометот на стоки на мало односно на големо, а кои не ја склучат самоуправната спогодба од став 1 на овој член односно не пристапат кон таква самоуправна спогодба, формираат продажни цени на мало односно на големо за одделни производи односно услуги во согласност со прописите на надлежните органи на општествено-политичките заедници.

сувањето на мерките на економската политика во областа на пазарот и цените, неопходно е да се тргне од стоковно-паричните односи, од движењето на вкупната општествена репродукција и од движењето на цените. Заради остварување на општествено-економските функции на цените како израз на дејствување на економските законитости во социјалистичкиот самоуправен систем сите учесници во формирањето на цените и во спроведувањето на општествената контрола на цените тргнуваат од следните критериуми:

1) од односите на понудата и побарувачката на домашниот пазар;

2) од влијанието на светските цени врз нивоата и односите на цените на домашниот пазар, врз односите во стекнувањето и распределбата на доходот и врз развојната политика на општеството;

3) од движењето на просечната производност на трудот и од рационалното користење на средствата за производство на секој производ и услуга;

4) од распределбата на вкупниот доход на општеството на дејностите сразмерно со нивната производност на трудот, од успешноста на управувањето и стопанисувањето со општествени средства и со вкупната општествена производност на трудот, при настојување да се изедначуваат условите за стопанисување во границите на економската рационалност и на рамноправната распределба на доходот.

Член 34

Сите учесници во формирањето на цените и во спроведувањето на општествената контрола на цените, а особено во утврдувањето и спроведувањето на политиката на цените, ќе водат сметка за:

1) поттикнувањето на развојот на производните сили на општеството;

2) влијанието на цените врз движењето на животните трошоци.

Член 35

Во согласност со дејствувањето на економските законитости, самоуправните организации и заедници формираат цени за своите производи и услуги врз основа на критериумите на односите на понудата и побарувачката на домашниот пазар и го следат движењето на тие односи на пазарот.

Заради ефикасно економско влијание на критериумите на односите на понудата и побарувачката на домашниот пазар врз формирањето на цените, самоуправните организации и заедници и општествено-политичките заедници се должни со своите планови, со материјалните и паричните биланси, со самоуправните спогодби и општествените договори за меѓусебните права и должности во остварувањето на плановите, да создаваат услови за воспоставување стабилни односи на понудата и побарувачката на југословенскиот пазар, раководејќи се од начелото за подобро задоволување на потребите на пазарот, и врз таа основа да ги изградуваат односите во стекнувањето и распределбата на доходот.

Член 36

При применувањето на критериумите на влијанието на светските цени врз нивоата и односите на цените на домашниот пазар, врз односите во стекнувањето и распределбата на доходот и врз развојната политика на општеството, при формирањето на цените на домашниот пазар особено мораат да се имаат предвид:

1) позитивното економско влијание што светските цени го вршат врз порастот на производноста на трудот, успешното управување и стопанисување со општествени средства и јакнењето на другите квалитативни фактори во стопанисувањето и развојот;

2) јакнењето на конкурентската способност на домашното стопанство на странскиот пазар и неговото економски рационално и планирано вклучување во меѓународната размена на производи и услуги и меѓународната поделба на трудот;

3) економски рационалното вреднување на домашните ресурси во стопанскиот развој на земјата;

4) потрајните тенденции на движењето на светските цени.

Член 37

Надлежните органи на општествено-политичките заедници и заедниците за работите на цените, имајќи предвид дека светските цени се формираат и под влијание на економските и политичките монополи, што се во спротивност со интересите и потребите на стопанскиот развој на југословенското социјалистичко општество, должни се со мерки на економската политика и со општествена контрола на цените да создаваат услови за применување на светските цени со кои во најголема можна мера ќе се намалуваат односно ќе се отстрануваат негативните влијанија на светските цени врз општествено-економските односи, врз односите во стекнувањето и распределбата на доходот и врз стопанскиот развој на Југославија.

Член 38

Заради остварување позитивно влијание на светските цени врз порастот на производноста на трудот, успешност во управувањето и стопанисувањето со општествени средства, стабилност на домашниот пазар, технички прогрес и економски рационално вклучување во меѓународната поделба на трудот, самоуправните организации и заедници се должни, особено со самоуправните спогодби, да ги усогласат своите интереси во извозот и увозот на производи и услуги и понудата и побарувачката на странскиот пазар да ја направат организирана и стабилна.

Член 39

При формирањето на цените на производи и услуги се тргнува од движењето на просечната производност на трудот и од рационалното користење на средствата за производство на секој производ и услуга. При применувањето на овој критериум за формирање на цените се тргнува од утврдувањето на нивото и растежот на производноста на трудот и од нејзиното споредување со странската и просечната производност на трудот на соодветната дејност. Тој критериум го изразува придонесот на производителите од една дејност кон создавањето на вкупниот доход на општеството.

Член 40

Самоуправните организации и заедници, заедниците за работите на цените и надлежните органи на општествено-политичките заедници ги формираат цените, односно учествуваат во формирањето на цените, водејќи сметка за распределбата на вкупниот доход на општеството по дејности сразмерно со нивната производност на трудот, со успешноста во управувањето и стопанисувањето со општествени средства и со вкупната општествена производност на трудот, при настојување условите за стопанисување да се уедначуваат во границите на економската рационалност и рамноправната распределба на доходот.

Во согласност со принципот за рамноправно учество на сите организации на здружен труд и дејностите во распределбата на резултатите од производноста на вкупниот општествен труд, организациите на здружен труд од дејностите што остваруваат релативно побрз пораст на производноста на трудот и поуспешно управуваат и стопанисуваат со општествени средства односно што даваат релативно поголем придонес кон порастот на производноста на вкупниот општествен труд во однос на другите производители, остваруваат релативно поголемо уче-

ство во распределбата на зголемениот вкупен доход на општеството.

Член 41

Неопходно поттикнување на развојот на одделни дејности од заеднички интерес и на дејности чиешто производство е недоволно, ако побрзиот развој на тие дејности е од суштествено значење за оптимален и стабилен стопански развој, како и решавањето на структурните проблеми на стопанството, ќе се врши и со цените, а средствата остварени на овој начин се насочуваат со самоуправни спогодби, со општествени договори и со закони.

Поттикнувањето на развојот на одделни дејности преку цените се врши по исклучок, и тоа за производи и услуги што се од интерес за целата земја, врз основа на договорот за основите на општествениот план на Југославија, и може да важи само за определен плански период.

Поттикнувањето на развојот на одделни дејности преку цените за производи и услуги што не се од интерес за целата земја, може по исклучок да се врши врз основа на плановите на соодветните општествено-политички заедници, во согласност со законот, со утврдената заедничка економска политика и со политиката на цените и може да важи само за определен плански период.

Член 42

Сите учесници во формирањето на цените, а посебно надлежните органи на општествено-политичките заедници, при формирањето на цените мораат да водат сметка за влијанието на цените врз движењето на животните трошоци.

Заедниците за работите на цените го следат влијанието на цените врз движењето на животните трошоци и, по потреба, му предлагаат на надлежниот орган на општествено-политичката заедница донесување на соодветни мерки.

Ако оцени дека цените на определен производ или услуга го загрозуваат животниот стандард на работните луѓе и граѓаните, надлежниот орган на општествено-политичката заедница може да воведе компензација која ќе се применува во производството односно во потрошувачката, во согласност со законот.

Член 43

Со утврдената политика на цените и со други мерки ќе се поттикнува производство на нови производи, ако тие производи се резултат на домашната истражувачка и развојна работа, за времето додека побарувачката за тие производи е значително поголема од понудата.

Сојузниот извршен совет, врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, ќе донесе прописи за тоа што се смета за нов производ во смисла на одредбата од став 1 на овој член.

Член 44

Самоуправните организации и заедници, заедниците за работите на цените и надлежните органи на општествено-политичките заедници ќе преземаат мерки заради спречување на појави што го нарушуваат функционирањето на единствениот југословенски пазар (злоупотреба на монополска положба или друга слична ситуација, затворање на пазарот, како и моментните осцилации на понудата и побарувачката што доведуваат до општествено-неприфатлив пораст на цените).

Член 45

Сите учесници во формирањето на цените единствено ги применуваат критериумите утврдени со овој закон при формирањето на цените и во општествената контрола на цените на сите производи и услуги и ги земаат во нивната вкупност, во согласност со овој закон.

Основните и други организации на здружен труд самостојно ги формираат цените и непосредно ја утврдуваат меѓусебната зависност и влијанието на одделени критериуми односно ја утврдуваат вкупноста на дејствувањето и начинот на применување на критериумите за формирање на цените утврдени со овој закон.

Член 46

Кога критериумите утврдени со овој закон се користат за формирање на цени и за воспоставување на меѓусебни односи на цените преку самоуправни спогодби и општествени договори, организациите на здружен труд се должни поблиску да го определат и утврдат начинот на усогласување на резултатите добиени со примената на одделни критериуми за формирање на цените, врз нивоата и односите на цените.

При утврдувањето на меѓусебните односи на цените преку самоуправните спогодби и општествените договори од став 1 на овој член, посебно ќе се води сметка за тоа нивоата и односите на цените на меѓуфазните производи да се засноваат врз заедничкиот приход што е резултат од реализацијата на финалниот производ и на тој начин цената на финалниот производ, формирана според критериумите утврдени со овој закон, да биде квантитативна рамка на општественото признание на вкупниот вложен минат и тековен труд на работниците во организациите на здружен труд, во сите фази на производството.

Член 47

Сојузната заедница за работите на цените донесува упатства за применувањето на критериумите за формирање на цените утврдени со овој закон.

Член 48

Самоуправните организации и заедници ќе вршат поблиска разработка на критериумите за формирање на цените од член 33 на овој закон.

Самоуправните организации и заедници што соработуваат во општествената репродукција, во создавањето заеднички приход и кои меѓусебно се поврзани со други форми на соработка можат, по барање на една од тие организации односно заедници, да вршат поблиска разработка на критериумите од член 33 на овој закон преку своите делегати во рамките на стопанската комора и при соработка на соодветните општи здруженија.

Основните и други организации на здружен труд подробно ги разработуваат критериумите за формирање на цените со самоуправен општ акт, во согласност со поблиска разработка на тие критериуми од ст. 1 и 2 на овај член.

Критериумите од став 2 на овај член можат да се усогласуваат по барање од членовите на заедницата за работите на цените или од советот на таа заедница, преку делегатите на заинтересираните членови, во рамките на стопанската комора и при соработка на заинтересираните општи здруженија.

Самоуправните организации и заедници самостојно ги формираат цените на своите производи и услуги врз основа на критериумите за формирање на цените утврдени со овој закон и на разработката на тие критериуми.

Член 49

Работниците во основните организации во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и на другите општествени дејности, заеднички и рамноправно со корисниците на нивните услуги, го утврдуваат самоуправно договорениот надомест (во натамошниот текст: цена на услугата) што го остваруваат во

односите на слободна размена на трудот спрема придонесот кон создавањето на нова вредност, кон зголемувањето на производноста на вкупниот општествен труд и кон развојот на општеството и кон задоволувањето на личните и заедничките потреби и на интересите на работниците, на другите работни луѓе и граѓаните.

Цената на услугата во општествените дејности се формира за резултатите остварени со извршувањето на конкретна работа за вршење поединечна услуга или за извршување на програмата за работа, врз основа на самоуправно утврдените потреби на здружениот труд, на работните луѓе и граѓаните, а во согласност со нивните материјални можности и со можностите на работниците во општествените дејности да вршат услуги во обемот и според квалитетот што се утврдени самоуправно.

Цената на услугата во основните организации на општествените дејности се формира според самоуправно договорените или со закон утврдените основи и мерила за одделни елементи на нејзината структура.

Цената на услугата во основните организации на општествените дејности се формира и во зависност од природата на нивната работа, врз основа на следните критериуми, и тоа на:

1) самоуправно утврдените стандарди и нормативи на материјалните трошоци и на амортизацијата и тековниот труд;

2) самоуправно утврдените стандарди за солидарност во задоволувањето на заедничките потреби;

3) самоуправно утврдениот квалитет на услугите;

4) рационалноста и ефикасноста во давањето на услуги на корисниците на услугите;

5) успешноста во управувањето и стопанисувањето со средствата за проширена репродукција, како на оние што ги формираат од својот доход остварен со вршење услуги, така и со здружените средства на стопанството и населението наменети за развој на општествените дејности.

Цените на услугите на основните организации што вршат општествени дејности се формираат со самоуправни спогодби на корисниците и давателите на услуги, а врз основа на самоуправно усвоените планови на утврдената политика на цените, во согласност со законот.

## IV. ОПШТЕСТВЕНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

### 1. Заеднички одредби

Член 50

Општествената контрола на цените е вкупна општествена активност насочена кон уредувањето и остварувањето на самоуправни односи во областа на цените, во рамките на која од посебно значење се:

1) уредувањето на односите во областа на цените и утврдувањето на политиката на цените во рамките на заедничката економска политика;

2) преземањето и меѓусебното усогласување на мерките на утврдената економска политика со кои се влијае врз нивото и меѓусебните односи на цените, а особено на мерките во областа на политиката за распределба на општествениот производ и доходот, на заедничките основи на кредитната политика, на заедничката политика на економските односи со странство, на заедничката монетарна и девизна политика и заедничката царинска политика, на политиката на даноци и придонеси, на политиката на формирањето и користењето на пазарните и на други резерви и компензации;

3) контролата на однесувањето на учесниците во формирањето на цените и преземањето на мерки против учесниците коишто во формирањето на цените не се придржуваат кон одредбите за критериумите за формирање на цените и кон другите одредби од овој закон;

4) уредувањето на односите на цените со самоуправни спогодби и договори за основите на плановите на самоуправните организации и заедници и на општествено-политичките заедници и со плановите на општествено-политичките заедници;

5) општественото утврдување на условите за стекнување и распределба на доходот;

6) самоуправното утврдување на основите и мерилата за формирање на цените врз основа на здружување на трудот и средствата и на други трајни облици на поврзување во областа на производството и прометот;

7) следењето и анализата на движењето на цените и односите на цените на пазарот.

Општествена контрола на цените се остварува и со преземање на мерки за непосредна контрола на цените предвидени со овој закон.

Член 51

Општествена контрола на цените се врши врз основа на критериумите утврдени со овој закон, во согласност со економската политика односно со политиката на цените утврдена во општествените планови и во актите за остварувањето на тие планови во одделна година.

Член 52

Општествена контрола на цените вршат самоуправните организации и заедници, организираните потрошувачи кога се во прашање цените на производи и услуги за непосредна потрошувачка на работните луѓе и на граѓаните, заедниците за работите на цените и надлежните органи на општествено-политичките заедници.

### 2. Општествена контрола на цените што ја вршат самоуправните организации и заедници и организираните потрошувачи

Член 53

Општествената контрола на цените што ја вршат самоуправните организации и заедници опфаќа особено:

1) следење на применувањето на критериумите утврдени со овој закон за формирање на цените на нивните производи и услуги;

2) контрола и следење на дејството на цените на производите и услугите врз доходот и односите во стекнувањето и распределбата на доходот на самоуправните организации и заедници, што се остваруваат во односи на меѓусебна зависност, поврзаност и одговорност;

3) контрола на усогласеноста на самоуправните спогодби односно на општествените договори за цените што ги склучила самопуравната организација односно заедница и на други самоуправни општи акти за цените со законот и со утврдената политика на цените, како и контрола на нивното извршување, согласно со законот и со утврдената политика на цените.

4) контрола на спроведувањето на утврдената политика на цените.

Член 54

Тргнувајќи од принципот за единство во формирањето на цените и општествена контрола на цените, самоуправните организации и заедници и организираните потрошувачи, општествена контрола на цените вршат и со учество во склучувањето на самоуправните спогодби и на општествените договори за цените.

Во вршењето на општествена контрола на цените, самоуправната организација односно заедница може да поведе постапка за оценување на

однесувањето на општествените самоуправни организации односно заедници, ако тие самоуправни организации, односно заедници, на соодветен начин, не ги применувале критериумите за формирање на цените односно ако смета дека цените на производите и услугите на тие самоуправни организации односно заедници, ја загрозиле положбата во стекнувањето и распределбата на доходот на дејноста на која ѝ припаѓа самоуправната организација односно заедница.

Постапката од став 2 на овој член можат да ја поведат и организираните потрошувачи, ако сметаат дека цените на производите и услугите за непосредна потрошувачка на работните луѓе и на граѓаните на одделни самоуправни организации односно заедници ги загрозиле интересите на потрошувачите.

Во случаите од ст. 2 и 3 на овој член, барањето за поведување постапка се поднесува до надлежната заедница за работите на цените во рок од 30 дена од денот на почетокот на применувањето на цените формирани според одредбите на овој член. Кон барањето се поднесува и соодветна документација.

### 3. Општествена контрола на цените што ја вршат заедниците за работите на цените

Член 55

Ако утврди дека определена самоуправна организација односно заедница не ги применила критериумите утврдени со овој закон при формирање на цените на своите производи и услуги, дека ги нарушува односите во стекнувањето и распределбата на доходот со кршење на прописите за цените или со формирање на цените на повисоко ниво неоправдано стекнува поголем доход, заедницата за работите на цените ќе донесе решение со кое привремено ќе го запре применувањето на така формираните цени и ќе ѝ наложи на самоуправната организација односно заедница во определен рок, кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на донесувањето на решението, повторно да формира цени во согласност со законот.

Против решението на заедницата за работите на цените од став 1 на овој член може да се изјави жалба до надлежниот орган на општествено-политичката заедница.

Против решението на надлежниот орган на општествено-политичката заедница донесено по жалбата од став 2 на овој член не може да се поведе управен спор.

Член 56

Надлежната заедница за работите на цените определува за кои производи и услуги самоуправните организации и заедници мораат да ѝ доставуваат известувања за цените заради следење.

Со актот од став 1 на овој член се определуваат и податоците што мора да ги содржи известувањето за цените, како и роковите и начинот на доставување на тие податоци.

### 4. Општествена контрола на цените што ја вршат надлежните органи на општествено-политичките заедници

Член 57

Надлежните органи на општествено-политичките заедници, врз основа на своите права и должности утврдени со уставот и законот вршат општествена контрола на цените и ја следат состојбата на пазарот, како и состојбата и промените на односите во стекнувањето и распределбата на доходот помеѓу дејностите што настанале поради промените во нивоата и во односите на цените.

Член 58

Заради усогласување на тековните односи на понудата и побарувачката и обезбедување стабилизација на пазарот, надлежните органи на општествено-политичките заедници, врз основа на своите права и должности утврдени со уставот и законот, преземаат мерки во областа на: распределбата на доходот, кредитната политика, политиката на даноците и придонесите, заедничката политика на економските односи со странство, заедничката монетарна и заедничката девизна и царинска политика, прометот на стоки и услуги, на стоковните и други резерви, општата, заедничката и личната потрошувачка и во други области.

Член 59

По исклучок, ако со преземените мерки од член 58 на овој закон и со мерките предвидени во склучените самоуправни спогодби и општествени договори не можат да се обезбедат стабилни односи на пазарот и други односи значајни за остварување на утврдената политика на цените, ако настапат или ќе настапат поголеми растројства на пазарот и во движењето на цените или се доведува во прашање остварувањето на целите и задачите утврдени со општествениот план на Југославија и со други акти, односно заради спречувањето на монополско влијание врз формирање на цените, надлежниот орган на општествено-политичката заедница може да пропише мерки за непосредна контрола на цените.

Член 60

Како мерки за непосредна контрола на цените можат за одделни производи и услуги да се пропишуваат: определувањето на највисоки цени односно највисоко ниво на цените, начинот на формирање на цените, давање согласност за цените односно за тарифите и доставување ценовници до заедницата за работите на цените заради заверка.

Мерките за непосредна контрола на цените имаат ограничено временско траење. Ако не се променат односно не се подобрат приликите на пазарот, важењето на мерките за непосредна контрола на цените може да продолжи, со тоа што секои шест месеци повторно да се утврдува постоењето на причините за нивното задржување.

Заедно со преземањето на мерки за непосредна контрола на цените се преземаат и мерки за отстранување на причините што довеле до поголеми растројства на пазарот, во движењето на цените, во односите на цените или во односите во стекнувањето и распределбата на доходот.

Член 61

Ако настанат големи растројства во односите на пазарот и во движењето на цените со кои се оневозможува или сериозно се загрозува спроведувањето на заедничката економска политика утврдена со општествениот план на Југославија, а што се појавуваат на целиот југословенски пазар односно на негов поголем дел, или ако на целиот југословенски пазар, односно на негов поголем дел се појавуваат монополистички појави што го нарушуваат единството на југословенскиот пазар, Сојузниот извршен совет, врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, ќе пропише мерка за непосредна контрола на цените и за производите и услугите од надлежноста на другите општествено-политички заедници односно може да пропише определување на највисоки цени или највисоко ниво на цените за сите производи и услуги од надлежноста на федерацијата односно од надлежноста на другите општествено-политички заедници.

Во случајот од став 1 на овој член Сојузниот извршен совет е должен за тоа да го извести веднаш Собранието на СФРЈ.

Член 62

Ако како мерка за непосредна контрола на цените е пропишано доставување на ценовници до заедницата за работите на цените заради заверка, организацијата на здружен труд е должна, пред да ги зголеми цените на своите производи односно услуги, да достави ценовник до заедницата за работите на цените на заверка, со образложение и документација, во роковите и на начинот што ќе ги определи заедницата за работите на цените.

Организацијата на здружен труд може да почне да ги применува цените од ценовникот од денот кога заедницата за работите на цените го заверила ценовникот.

Ако утврди дека цените во ценовникот не се формирани во согласност со критериумите утврдени со овој закон односно со утврдената политика на цените и со мерките на економската политика, а особено ако нивното применување би можело да доведе до поголеми растројства на пазарот или до поосетно загрозување на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните, заедницата за работите на цените нема да го завери ценовникот, за што ќе донесе решение.

Заедницата за работите на цените не може на организацијата на здружен труд да и ја одбие заверката на ценовникот ако цените во ценовникот се на нивото или под нивото на цените на истите производи на друга организација на здружен труд на која таа заедница и го заверила ценовникот.

Ако заедницата за работите на цените во рок од 60 дена односно во рок од 30 дена за сезонски производи, од денот кога ценовникот и е доставен не го донесе решението од став 3 на овој член ќе се смета дека ценовникот е заверен.

Против решението на заедницата за работите на цените од став 3 на овој член може да се изјави жалба до надлежниот орган на општествено-политичката заедница.

Против решението на надлежниот орган на општествено-политичката заедница донесено по жалбата од став 6 на овој член не може да се поведе управен спор.

Член 63

Ако надлежниот орган на општествено-политичката заедница со мерка за непосредна контрола на цените пропише цена која е пониска од цената која би се формирала според критериумите утврдени со овој закон односно со посебен договор, и на тој начин ќе ја наруши рамноправноста на самоуправните организации и заедници во стекнувањето на доход и располагањето со резултатите од трудот, должен е истовремено да ја обезбеди и утврди компензација односно да преземе мерки за обезбедување и утврдување на компензацијата, во согласност со законот и со прописите донесени врз основа на законот.

Член 64

Сојузниот извршен совет и Сојузната заедница за работите на цените ги вршат работите во областа на цените утврдени со овој закон за производите и услугите што се од интерес за целата земја.

Надлежните органи на другите општествено-политички заедници и заедниците за работите на цените ги вршат работите во областа на цените утврдени со овој закон за другите производи и услуги, во согласност со законот на републиката односно на автономната покраина.

Кои производи и услуги се сметаат за производи и услуги од интерес за целата земја, се утврдува со договорот на органите на федерацијата, на републиките и автономните покраини.

## V. ЗАЕДНИЦА ЗА РАБОТИТЕ НА ЦЕНИТЕ

### 1. Заеднички одредби

Член 65

Заради уредување на меѓусебните односи, усогласување на своите инетереси и остварување на правата и обврските во областа на цените, самоуправните организации и заедници со самоуправната спогодба основаат заедници за работите на цените, ако со законот не е определено поинаку.

Во управувањето со заедницата за работите на цените учествуваат и органите на општествено-политичката заедница.

Заради остварување на својата улога утврдена со уставот и на своите права, должности и одговорности во областа на цените, во управувањето со заедницата за работите на цените можат да учествуваат и општествено-политичките организации и организираните потрошувачи.

Самоуправната спогодба од став 1 на овој член се склучува во согласност со општествениот договор што претходно го склучуваат самоуправните организации и заедници кои основаат заедница за работите на цените и органот на општествено-политичката заедница. Во склучувањето на овој општествен договор можат да учествуваат и општествено-политичките организации и организираните потрошувачи.

Изборот и работата на делегатите во заедницата за работите на цените се заснова врз начелата на делегатскиот систем.

Со општествениот договор од став 4 на овој член се утврдуваат, особено:

1) заедничките цели што ќе се остварат со работата на заедницата за работите на цените;

2) задачите и работите на заедницата за работите на цените и условите и начинот на вршење на тие задачи и работи;

3) правата, обврските и одговорностите на учесниците на општествениот договор;

4) условите и начинот на утврдување и распоредување на приходите за намирување на трошоците за работењето и издвојувањето на средства за работната заедница на заедницата за работите на цените;

5) основите на организирањето на заедницата за работите на цените;

6) начинот на управување, видовите, изборот, правата, должностите и одговорностите на органите на заедницата за работите на цените;

7) начинот на донесување општи и поединечни акти на заедницата за работите на цените;

8) начинот на донесување програма за работа на заедницата за работите на цените;

9) начинот на остварување надзор над работата на заедницата за работите на цените;

10) претставувањето и застапувањето на заедницата за работите на цените;

11) правата, обврските и одговорностите на работната заедница на заедницата за работите на цените.

Со самоуправната спогодба од став 1 на овој член поблиску се утврдуваат задачите и работите на заедницата за работите на цените и правата, должностите и одговорностите на заедницата за работите на цените и на нејзините основачи и се разработуваат други прашања што се однесуваат на работата на заедницата за работите на цените, во согласност со општествениот договор од став 4 на овој член.

Член 66

Заедници за работите на цените се основаат во сите општествено-политички заедници.

За две или повеќе општествено-политички заедници може да се основе една заедница за работите на цените.

Член 67

Задачите и работите што ги вршат заедниците за работите на цените се задачи и работи од посебен општествен интерес.

Заедниците за работите на цените имаат јавни овластувања определени со закон односно со одлука на општинското собрание донесена врз основа на закон.

Со закон односно со одлука на општинското собрание донесена врз основа на закон се утврдува начинот на остварување на посебниот општествен интерес во вршењето на задачите и работите на заедниците за работите на цените и начинот на вршење на јавните овластувања.

Член 68

Заедниците за работите на цените со својата работа придонесуваат работниците во основните и другите организации на здружен труд и работните луѓе и граѓаните во другите самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките заедници и органите на тие организации и заедници да ја утврдуваат политиката на цените и да преземаат мерки за нејзиното остварување, да ги формираат цените и да вршат општествена контрола на цените, поаѓајќи од дејствувањето на економските законитости и условите на социјалистичката стоковна размена и да ги уредуваат односите во областа на цените.

Член 69

Заедницата за работите на цените во својата работа е самостојна и работи врз основа на закон и други прописи, општествениот договор и самоуправната спогодба од член 65 на овој закон и врз основа на својот статут и во рамките на своите права и должности, е одговорна за нивното извршување односно применување.

Органите на заедницата за работите на цените за извршувањето на своите задачи се одговорни пред самоуправните организации и заедници и пред другите учесници што ќе склучат општествен договор односно самоуправна спогодба од член 65 на овој закон.

Органите на заедницата за работите на цените се одговорни пред надлежниот орган на општествено-политичката заедница за извршувањето на своите задачи и работи во врска со вршењето на јавните овластувања што заедницата за работите на цените ги врши врз основа на закон односно одлука на општинското собрание донесена врз основа на закон.

Член 70

Заедниците за работите на цените вршат определени аналитички, стручни, управни и други задачи и работи во врска со: уредувањето на одделни прашања во областа на цените, подготвувањето на основите за утврдување на политиката на цените, унапредувањето на методологијата за формирањето на цените, самоуправното спогодување и општественото договарање за цените, општествената контрола на цените и предлагањето, следењето и спроведувањето на мерките за непосредна контрола на цените и другите мерки, во согласност со законот.

Член 71

Надлежниот орган на општествено-политичката заедница врши надзор над работата на заедницата за работите на цените што се однесува на вршењето на јавните овластувања и другите права утврдени со закон односно со одлука на општинското собрание донесена врз основа на закон.

Член 72

Заедниците за работите на цените во вршењето на задачите и работите утврдени со овој закон соработуваат меѓусебно и со самоуправните организации и заедници, со органите на општествено-политичките заедници и со стопанските комори.

Заедницата за работите на цените ги известува самоуправните организации и заедници, општествено-политичките заедници и нивните органи, општествено-политичките организации и организираните потрошувачи за појавите и забележувањата за развојот на општествено-економските односи што ги уочува во вршењето на задачите и работите од својот делокруг и предлага односно презема мерки за чие што предлагање односно преземање е овластена.

Член 73

Самоуправните организации и заедници и органите на општествено-политичките заедници се должни да им даваат на заедниците за работите на цените податоци кои се значајни за утврдувањето на политиката на цените и за преземањето на мерки за нејзиното остварување, за формирање на цените и вршење на општествена контрола на цените и за остварување на правата на работниците и работните луѓе и граѓаните да бидат известувани за појавите и односите од заеднички односно општ интерес, како и други податоци и документацијата кои се значајни за работата на заедницата за работите на цените.

Самоуправните организации и заедници имаат право да бараат од заедницата за работите на цените податоци кои се значајни за одлучувањето на работниците односно на другите работни луѓе и граѓаните во нив, ако заедницата за работите на цените располага со такви податоци во рамките на вршењето на задачите и работите од својот делокруг и ако тие податоци не претставуваат деловна или друга тајна, утврдена во согласност со законот.

Органите на општествено-политичките заедници имаат право да бараат од заедницата за работите на цените податоци кои се значајни за вршењето на нивните функции во областа на цените, ако заедницата за работите на цените располага со такви податоци во рамките на вршењето на задачите и работите од својот делокруг.

Член 74

Средствата за вршење на задачите и работите на заедницата за работите на цените се обезбедуваат во буџетот на соодветната општествено-политичка заедница и од надоместите за вршење услуги во согласност со статутот на заедницата за работите на цените.

Од приходите што заедницата за работите на цените ќе ги оствари според став 1 на овој член се намируваат трошоците за вршењето на задачите и работите на заедницата за работите на цените и средствата за работа на нејзината работна заедница.

Член 75

Работниците во работната заедница на заедницата за работите на цените стекнуваат доход на работната заедница непосредно со слободна размена на трудот, врз основа на самоуправната спогодба што ќе ја склучат заедницата за работите на цените и работниците на таа работна заедница.

Работниците во работната заедница, во рамките на доходот на работната заедница, стекнуваат средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка во согласност со начелото за распределба според трудот и со општествено утврдените основи за распределба што важат за организациите на здружен труд.

Член 76

Средствата за работа со кои работат работниците во работната заедница на Заедницата за работите на цените се средства за работа со кои располага заедницата за работите на цените. Во поглед на користењето, управувањето и располагањето со средствата за работа работниците на работната заедница имаат права, обврски и одговорности утврдени со самоуправната спогодба, со која се утврдуваат меѓусебните односи на работната заедница и на заедницата за работите на цените, во согласност со законот.

Член 77

Висината на надоместот за работите и услугите што заедницата за работите на цените ги врши на барање од самоуправните организации и заедници или од надлежните органи на општествено-политичките заедници, ја утврдува, во односите на слободна размена на трудот, заедницата за работите на цените, во согласност со пропис.

Надоместот и другите услови за вршење на задачите и работите што заедницата за работите на цените ги врши на барање од самоуправните организации и заедници или од надлежните органи на општествено-политичките заедници, се утврдуваат со договорот односно со самоуправната спогодба, што ќе ја склучи заедницата за работите на цените со самоуправната организација или заедница односно со органот на општествено-политичката заедница.

**2. Сојузна заедница за работите на цените**

Член 78

Задачите и работите во областа на цените на производите и услугите од надлежност на федерацијата утврдени со овој и со друг сојузен закон, ги врши Сојузната заедница за работите на цените (во натамошниот текст: Сојузната заедница).

Сојузната заедница ја основаат самоуправните организации и заедници со самоуправната спогодба што ја склучуваат во рамките на Стопанската комора на Југославија.

Самоуправната спогодба од став 2 на овој член се склучува во согласност со општествениот договор што го склучуваат Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Стопанската комора на Југославија и другите општи здруженија, Сојузот на синдикатите на Југославија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и организациите на потрошувачите на ниво на федерацијата.

Во управувањето со Сојузната заедница, покрај самоуправните организации и заедници што ја основаат Сојузната заедница, учествуваат и други учесници во склучувањето на општествениот договор од став 3 на овој член, на начинот определен со овој закон.

Сојузната заедница ги врши особено следните задачи и работи:

1) донесува упатства за применување на критериумите за формирање на цените и други прописи предвидени со овој закон;

2) ги подготвува основите за утврдување на политиката на цените и, заедно со надлежните сојузни органи, предлага мерки за спроведување на политиката на цените;

3) ги врши задачите и работите определени со сојузен закон во врска со самоуправното спроведување и општественото договарање за цените и, по потреба, дава стручна помош во самоуправното спогодување и општественото договарање за цените;

4) учествува во склучувањето на самоуправни спогодби и општествени договори со кои се уредуваат прашањата во областа со цените на производите и услугите од надлежноста на федерацијата;

5) врши работи на општествената контрола на цените определени со овој закон;

6) врши задачи и работи на непосредна контрола на цените определени со овој закон;

7) подготвува и му предлага на Сојузниот извршен совет донесување на мерки за непосредна контрола на цените и на други мерки, во согласност со законот;

8) го следи и анализира движењето на односите на цените на производите и услугите;

9) врши аналитички, стручни, управни и други работи во областа на цените за потребите на Сојузниот извршен совет од неговата надлежност и во врска со спроведувањето на општествената контрола на цените според овој закон;

10) врши аналитички, стручни и други работи од својот делокруг за другите основачи и во врска со спроведувањето на општествената контрола на цените според овој закон;

11) врши и други задачи и работи во областа на цените во согласност со овој закон.

Со самоуправната спогодба од став 2 на овој член поблиску се утврдуваат задачите и работите на Сојузната заедница, правата, должностите и одговорностите на Сојузната заедница и на нејзините основачи и се разработуваат другите прашања што се однесуваат на работата на Сојузната заедница во согласност со општествениот договор од став 3 на овој член.

Член 79

Сојузната заедница најмалку еднаш годишно поднесува до Собранието на СФРЈ и до Сојузниот извршен совет извештаи за спроведувањето на утврдената политика на цените.

Член 80

Органи на Сојузната заедница се Советот на Сојузната заедница и претседателот на Сојузната заедница.

Член 81

Заради обезбедување на посебниот општествен интерес, остварување на соработката со заедниците за работите на цените на другите општествено-политички заедници, учество во работата и остварување на влијанието на учесниците во општествениот договор и самоуправната спогодба од член 78 на овој закон врз работата на Сојузната заедница, се формира Совет на Сојузната заедница за работите на цените (во натамошниот текст: Совет на Сојузната заедница).

Формирањето и работата на Советот на Сојузната заедница се врши во согласност со начелата на делегатскиот систем.

Член 82

Советот на Сојузната заедница има 43 члена.

Седум членови на Советот на Сојузната заедница ги именува и разрешува Сојузниот извршен совет од редот на своите членови и редот на функционерите што раководат со работата на сојузните органи на управата односно на сојузните организации.

Во Советот на Сојузната заедница Стопанската комора на Југославија и другите општи здруженија делегираат 25 членови.

Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на синдикатите на Југославија, организацијата на потрошувачите на ниво на федерацијата, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини во Советот на сојузната заедница делегираат по еден член.

Член 83

Советот на Сојузната заедница особено:

1) ги подготвува основите за утврдување на политиката на цените и, заедно со другите надлежни сојузни органи, предлага мерки за спроведување на утврдената политика на цените, во согласност со законот;

2) врши определени задачи и работи во врска со самоуправното спогодување и општественото договарање за цените во согласност со овој закон;

3) донесува упатства за применување на критериумите утврдени со овој закон за формирање на цените и други прописи врз основа на овластувањата од овој закон;

4) разгледува и зазема ставови за предлозите и мислењата на Стопанската комора на Југославија и на другите општи здруженија во врска со разработката на критериумите и со спроведувањето на утврдената политика на цените;

5) ги врши задачите и работите на непосредната контрола на цените определени со овој закон;

6) предлага мерки за непосредна контрола на цените и други мерки во областа на цените;

7) ги врши задачите и работите на општествената контрола на цените определени со овој закон;

8) го донесува статутот на Сојузната заедница;

9) ја донесува годишната програма за работа на Сојузната заедница;

10) ги донесува финансискиот план и завршната сметка и го усвојува годишниот извештај за работата на Сојузната заедница;

11) ја утврдува висината на надоместот за услугите што ги врши Сојузната заедница;

12) ја определува висината на надоместот и другите услови за вршење на задачите и работите што ги врши Сојузната заедница врз основа на договор;

13) определува кои податоци и исправи претставуваат деловна или друга тајна, во согласност со законот;

14) го разгледува и следи извршувањето на задачите и работите на Сојузната заедница и презема мерки за извршување на тие задачи и работи;

15) го избира и разрешува претседателот на Сојузната заедница во согласност со Сојузниот извршен совет;

16) го избира и разрешува претседателот на Советот на Сојузната заедница;

17) го именува и разрешува секретарот на Сојузната заедница;

18) донесува деловник за својата работа.

Член 84

За прашањата од член 83 точ. 3, 5 и 6 на овој закон Советот на Сојузната заедница одлучува едногласно.

За другите прашања од својот делокруг Советот на Сојузната заедница одлучува со мнозинство гласови на своите членови.

Ако во Советот на Сојузната заедница при одлучувањето за прашањата од став 1 на овој член не се постигне едногласност, Советот на Сојузната заедница го известува Сојузниот извршен совет за спорното прашање и му доставува извештај со мислењата на членовите на Советот на Сојузната заедница.

Во случајот од став 3 на овој член за спорното прашање конечно одлучува Сојузниот извршен совет.

Член 85

Претседателот на Советот на Сојузната заедница свикува седница на Советот на Сојузната заедница по своја иницијатива, на барање од еден или повеќе членови на Советот на Сојузната заедница, на барање од Сојузниот извршен совет, или на барање од Претседателот на Сојузната заедница, го предлага дневниот ред на седницата и претседава на седниците на Советот на Сојузната заедница.

Член 86

Претседателот на Сојузната заедница за работите на цените (во натамошниот текст: Претседателот на Сојузната заедница) ја претставува, застапува и потпишува Сојузната заедница и е одговорен за законитоста на работата на Сојузната заедница.

Претседателот на Сојузната заедница може да биде избиран на истата должност најмногу двапати едноподруго.

Член 87

Претседателот на Сојузната заедница се грижи за спроведувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на Советот на Сојузната заедница, за остварувањето на соработката со републичките и покраинските заедници за работите на цените и со органите и организациите на федерацијата како и со општествено-политичките и општествените организации и со другите самоуправни организации и заедници.

Претседателот на Сојузната заедница се грижи работата на Сојузната заедница да биде во согласност со интересите на здружениот труд и со заедничките и општите општествени интереси.

Член 88

Претседателот на Сојузната заедница особено:

1) ги предлага актите што ги донесува Советот на Сојузната заедница;

2) го утврдува предлогот на извештајот за работата на Сојузната заедница;

3) ја предлага програмата за работа на Сојузната заедница и го следи нејзиното извршување;

4) ја координира работата врз подготвувањето на материјалите за седниците на Советот на Сојузната заедница;

5) го организира и се грижи за вршењето на аналитички, стручни, управни и други задачи и работи во областа на цените за потребите на Сојузниот извршен совет од неговата надлежност;

6) ги врши задачите и работите што му се ставени во негова надлежност со статутот на Сојузната заедница, со одлуките на Советот на Сојузната заедница и со одлуките на Сојузниот извршен совет, во согласност со одредбите на овој закон.

Член 89

Ако претседателот на Сојузната заедница смета дека некој акт на Советот на Сојузната заедница не е во согласност со Уставот на СФРЈ, сојузниот закон, статутот или со друг самоуправен општ акт на Сојузната заедница, за тоа ќе го предупреди Советот на Сојузната заедница.

Ако и по предупредувањето Советот на Сојузната заедница остане при својот акт, претседателот на Сојузната заедница во рок од три дена од денот на предупредувањето ќе го извести за тоа Сојузниот извршен совет.

Член 90

Сојузната заедница има секретар.

Секретарот на Сојузната заедница ја застапува Сојузната заедница во имотните и другите правни односи.

Секретарот на Сојузната заедница е наредбодавец за извршување на финансискиот план на Сојузната заедница.

Член 91

Секретарот на Сојузната заедница е раководител на работната заедница на Сојузната заедница, што ја организира и усогласува работата на работната заедница и се грижи за вршењето на задачите и работите што ги вршат работниците во работната заедница.

Член 92

Сојузната заедница е општествено-правно лице со права, должности и одговорности што ги има врз основа на Уставот на СФРЈ, сојузниот закон и својот статут.

Седиштето на Сојузната заедница е во Белград.

На печатот на Сојузната заедница се наоѓаат нејзиниот назив на јазиците на народите на Југославија и грбот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 93

Сојузната заедница има статут.

Со статутот на Сојузната заедница се уредуваат внатрешната организација, меѓусебните односи на Советот на Сојузната заедница, претседателот на Сојузната заедница, секретарот на Сојузната заедница и на работната заедница на Сојузната заедница и органите на управувањето со работната заедница и се утврдуваат актите што ги донесува Советот на Сојузната заедница и самоуправните општи акти што ги донесуваат органите на управувањето со раобтната заедница, во согласност со Советот на Сојузната заедница, како и други прашања што се значајни за работата на сојузната заедница.

Статутот на Сојузната заедница го потврдува Собранието на СФРЈ.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 94

Со парична казна од 10.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап самоуправна организација односно заедница или друго правно лице:

1) ако произведи или услуги продаде по цени повисоки од цените формирани врз основа на прописите односно другите мерки за непосредна контрола на цените или на самоуправните спогодби склучени врз основа на овој закон (чл. 14, 22, 49 и 59);

2) ако при утврдувањето на цените ја користи монополската положба или доведе во нерамноправна положба други самоуправни организации и заедници или други учесници во прометот (член 17);

3) ако произведи или услуги купи по цени пониски од утврдените заштитни цени (член 31);

4) ако при формирањето на цените не се придржува кон постапката и критериумите за формирање на цените пропишани со овој закон (чл. 33, 47 и 49).

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап со парична казна од 3.000 до 50.000 динари и одговорното лице во самоуправна организација односно заедница или во друго правно лице.

Член 95

Со парична казна од 10.000 до 1.00.000 динари ќе се казни за прекршок самоуправна организација односно заедница или друго правно лице:

1) ако за производи или услуги од интерес за непосредна потрошувачка на работните луѓе и на граѓаните, и покрај барањето на организираните потрошувачи, не поведе постапка за склучување на самоуправната спогодба (член 16);

2) ако во определен рок не поведе постапка за склучување на самоуправна спогодба односно општествен договор за цените (член 19 и член 30 став 1);

3) ако производи и услуги продава по цени чие што применување заедницата за работите на цените привремено го запрела или ако не достави ценовник до заедницата за работите на цените заради заверка (член 55 и член 62 став 1);

4) ако не достави известување за цените за производите или услугите за кои е тоа определено или ако до заедницата за работите на цените, на нејзино барање, не достави соодветна документација (член 56);

5) ако до заедницата за работите на цените, на нејзино барање, не достави документација односно податоци потребни за вршење на општествена контрола на цените (чл. 62 и 73);

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 1.000 до 30.000 динари и одговорното лице во самоуправна организација односно заедница или во друго правно лице.

Член 96

Поединец во вршење на самостојна дејност кој ќе изврши дејствие од член 94 став 1 точка 1 или дејствие од член 95 точ. 2 и 3 на овој закон ќе се казни за прекршок со парична казна од 1.000 до 10.000 динари.

Член 97

Покрај казната за стопански престап од член 94 на овој закон и за прекршокот од чл. 95 и 96 на овој закон ќе се изрече и заштитна мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на стопанскиот престап односно прекршок.

Член 98

Покрај казната за прекршок од член 96 на овој закон може да се изрече и заштитна мерка забрана на вршење самостојна дејност во траење до една година.

Во повторен случај заштитната мерка од став 1 на овој член ќе се изрече во траење од најмалку шест месеци.

Член 99

Како одговорно лице, во смисла на овој закон, се смета и лицето во самоуправна организација, односно заедница или во друго правно лице на кое со самоуправниот општ акт на самоуправна организација односно заедница или на друго правно лице му е доверено подготвувањето на акти за цените, како и лицето кое е овластено да го предупреди органот на управувањето дека актот за формирање на цените е во спротивност со прописите.

Член 100

Пријава за поведување постапка за стопански престап односно прекршок од чл. 94 до 96 на овој закон можат да поднесат и граѓаните, здруженијата на граѓаните и општествено-политичките организации.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 101

Цените на производите и услугите формирани во согласност со прописите што се во сила на денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се применуваат и по денот на влегувањето во сила на овој закон.

Цените на производите и услугите формирани во смисла на став 1 од овој член можат да се менуваат и да се врши општествена контрола на цените (надлежности на општествено-политичките заедници во областа на цените, мерки за непосредна контрола на цените и др.) според одредбите на Законот за општествена контрола на цените и прописите донесени врз основа на тој закон до донесувањето на прописите неопходни за формирање на цените на производите и услугите односно за вршење на општествена контрола на цените според одредбите на овој закон, а најдолго во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 102

Заради применување на овој закон, надлежните органи на општествено-политичките заедници и заедниците за работите на цените се должни да преземат соодветни организациони и други мерки и да донесат прописи за чие донесување се овластени со овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 103

Ако договорот од член 64 став 3 на овој закон не се склучи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон Сојузниот извршен совет ќе пропише кои производи и услуги се сметаат како производи и услуги од интерес за целата земја.

Прописот од став 1 на овој член ќе се применува додека не ќе се склучи договорот од член 64 став 3 на овој закон.

Член 104

Додека не ќе се донесат прописите од член 103 на овој закон и додека не ќе се склучат општествените договори и самоуправните спогодби од чл. 65 и 78 на овој закон, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, работите што ги вршат заедниците за работите на цените ќе ги вршат органите на општествено-политичките заедници што се надлежни за работите на цените според прописите со кои е утврдена нивната надлежност за вршење работи на цените до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 105

Сојузната заедница основана со самоуправна спогодба, во согласност со општествениот договор од член 78 на овој закон, со денот на основањето ги презема средствата, опремата и другиот имот, архивата и другата документација, како и сите работници што на денот на влегувањето во сила на овој закон работеле во Сојузниот завод за цени.

Член 106

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), одредбите на член 30 точка 2 и член 32 на Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78), Уредбата за начинот на постапката за склучување на спогодбите за промена на затечените цени на производите и услугите („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72, 21/73, 35/73, 39/75 и 60/75) и Уредбата за начинот и постапката за склучување на општествени договори за цени („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72, 21/73 и 41/73).

Член 107

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

2.

Врз основа на член 281 точка 16 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 225 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, на предлог од Сојузниот извршен совет, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ НА СОЈУЗНИТЕ КОМИТЕТИ

1. Во Одлуката за составот на сојузните комитети („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/78) во точка 1 одредба под 3 алинеја 6 зборовите: „Југословенскиот завод за патишта", се заменуваат со зборовите: „Југословенскиот совет за безбедност на сообраќајот".

По алинеја 6 се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„— Заедницата на југословенските железници;

— Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони."

2. Во точка 2 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, во Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини делегираат по два свои претставника."

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 214
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

3.

Врз основа на член 288 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 3 од Законот за Советот на федерацијата, Собранието на СФРЈ на предлог од Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За членови на Советот на федерацијата се избираат следните општествено-политички и јавни работници:

1. Албахари Нисим
2. Антуновиќ Ристо
3. Апостолски Михајло
4. Ахметовиќ Лутво
5. Ацева Вера
6. Бабич Бранко
7. Бајковиќ Филип
8. Беблер д-р Алеш
9. Берус Анка
10. Бибер Антун
11. Божичевиќ Иван
12. Брајовиќ Петар
13. Брецељ д-р Богдан
14. Брковиќ Саво
15. Буковиќ Иван-Ќиро
16. Вејвода Иван
17. Веселинов Јован-Жарко
18. Вујасиновиќ Тодор
19. Вукановиќ Радован
20. Вукмановиќ Светозар-Темпо
21. Гершковиќ д-р Леон
22. Гошњак Иван
23. Грегориќ д-р Павле
24. Давидовиќ Радивој-Кепа
25. Давичо Оскар
26. Даниловиќ Угљеша
27. Димитровски Мито
28. Дошен Илија
29. Ѓуричиќ Блажо
30. Жауцер инж. Павле
31. Зековиќ Вељко
32. Илиќ Љубо
33. Јаневски Славко
34. Јањиќ Владо
35. Јауковиќ Војин
36. Јовановиќ Иса
37. Јовиќевиќ Павле
38. Јововиќ Десимир
39. Јосиповиќ Србољуб
40. Јуринчиќ Ѓико
41. Јурјевиќ-Анте-Баја
42. Капичиќ Јован
43. Кардељ Пепца
44. Кекиќ Данило-Дака
45. Керошевиќ Јуре
46. Кидрич Зденка
47. Кимовец Франц
48. Кладарин Ѓуро
49. Ковачевиќ Вељко
50. Комар д-р Славко
51. Конески Блаже
52. Крајачиќ Иван
53. Крстуловиќ Вицко
54. Кузмановски Бѓе
55. Купрешанин Милан
56. Лалиќ Михајло
57. Лекиќ Данило
58. Лековиќ Воја
59. Лескошек Франц
60. Маглајлиќ Шефкет
61. Маринко Миха
62. Марјановиќ Слободан
63. Марковиќ Мома
64. Материќ Илија
65. Начек Иван
66. Милатовиќ Милорад
67. Мекули д-р Есат
68. Милосавлевиќ Милосав
69. Ниниќ Милка
70. Минчев Никола
71. Миќуновиќ Вељко
72. Морача Милутин
73. Мразовиќ Карло
74. Мугоша Андрија
75. Мујезиновиќ Исмет
76. Мутаповиќ Драгослав
77. Нацева Мара
78. Недељковиќ Радисав-Раја
79. Неоричиќ Милијан
80. Николиќ Војин
81. Пајковиќ Ѓоко
82. Папиќ Радован
83. Перичин Марко-Камењар
84. Перовиќ Пуниша
85. Пехачек Раде
86. Писковиќ Димитрие
87. Попивода Крсто
88. Поточар Стане
89. Прица Срѓа
90. Радовановиќ Миливое-Фарбин
91. Радосавлевиќ Добривое-Боби
92. Радујков Радомир-Раша
93. Рачки Никола-Коља
94. Ристиќ Марко
95. Ромац Пашко
96. Рудолф Јанко
97. Рукавина Иван
98. Савиќ д-р Павле
99. Светина Мара
100. Стојниќ Велимир
101. Темелковски Борко
102. Тодоровиќ Војо
103. Тодоровиќ Мијалко
104. Ујевиќ Мате
105. Фајфар Тоне
106. Феиќ Салко
107. Хоџа Мехмет
108. Чалиќ д-р Душан
109. Чоловска Љиљана
110. Чамо д-р Едхем
111. Черкези Расим
112. Чолаковиќ Родољуб
113. Шакири Реис
114. Шаќири Исмет
115. Шегрт Владо
116. Шентјурц Лидија
117. Швабиќ Михајло

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 235
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана
Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

4.

Врз основа на член 288 точка 3, а во врска со член 315 точка 4 и член 387 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

За судија на Уставниот суд на Југославија се избира д-р Стана Ђукиќ-Делевиќ, досегашен помошник на сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 236
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Зоран Полич,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен,** с. р.

5.

Врз основа на член 10 од Законот за посебните услови за давање кредити за инвестиции („Службен лист на СФРЈ“, бр. 62/79), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОТО УЧЕСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ

1. Корисниците на општестени средства ги утврдуваат средствата на сопственото учество за финансирање на инвестиции на начинот пропишан со оваа одлука.

2. Корисниците на општествени средства што книговодството го водат според Уредбата за контниот план и за билансите за организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 19/77 и 4/79) износот на сопственото учество за финансирање на основните средства го утврдуваат на Образецот СУ — Пресметка на сопственото учество за финансирање на инвестиции ———————— на ——— 19 ——— година (во натамошниот текст: Образец СУ), што е отпечатен кон оваа одлука и претставува нејзин составен дел.

Корисниците на општествени средства, освен корисниците на општествени средства од став 1 на оваа точка, износот на сопственото учество го утврдуваат на Образецот СУ, со тоа што во колоната 2 од тој образец ги внесуваат соодветните редни броеви од образецот според кој го составуваат билансот на состојбата, а според називот на позициите од колоната 3 на Образецот СУ.

3. Образецот СУ се пополнува врз основа на книговодствените податоци и податоците содржани во исправите со кои се докажува обезбедувањето на сопственото учество, и тоа:

1) износот на сопствените средства што се обезбедени до денот на поднесувањето на барањето за кредит до банката — се утврдува врз основа на податоците од завршната сметка за претходната година, а во случај на статусна промена која му претходи на поднесувањето на барањето за кредит до банката — од почетниот биланс искажан во образецот Биланс на состојбата на ——— 19—— година, што е предвиден со прописот за контниот план за определениот корисник на општествени средства;

2) износот на амортизацијата за финансирање на инвестицијата — се утврдува врз основа на амортизацијата за тековната година по минималните стапки пропишани со закон и со одлука на надлежниот орган на управувањето за ангажирање на таа амортизација за финансирање на инвестицијата. Ако инвестицијата трае две или повеќе години, износот на амортизацијата се утврдува врз основа на амортизацијата по минималните стапки пропишани со закон, планирана за тој период, и одлуката на органот на управувањето со која е определено кој дел од таа амортизација ќе се употреби за финансирање на инвестицијата за која се поднесува барање за кредит до банката;

3) износот на средствата што на корисникот на општествени средства за финансирање на инвестицијата му се пренесени врз основа на закон, општествен договор или самоуправна спогодба за здружување — се утврдува врз основа на налогот со кој средствата се пренесени на жиро-сметката или на посебна сметка на корисникот на општествени средства до денот на поднесувањето на барањето за кредит до банката;

4) износот на средствата што корисникот на општествени средства ги обезбедил за финансирање на инвестиции врз основа на договор за вложување склучен со странски вложувач — се утврдува според податоците од тој договор;

5) износот на средствата што корисникот на општествени средства ги обезбедува според член 9 став 1 точка 4 од Законот за посебните услови за давање кредити за инвестиции — се утврдува врз основа на податоците од склучениот договор за дадениот кредит;

6) износот на средствата што корисникот на општествени средства ги добил од заемот во Југославија распишан со републички односно покраински закон, од заемот во странство врз основа на договор што е ратификуван со закон, како и од средствата од задолжителното здружување пропишано со републички односно покраински закон — се утврдува врз основа на законот односно договорот со кој средствата му се дадени на корисникот на општествени средства;

7) износот на средствата што корисникот на општествени средства ги обезбедува од самопридонес од личните средства на граѓаните дадени со намена за проширување на материјалната основа на неговиот труд — се утврдува за материјалот и за личните средства на граѓаните врз основа на книговодствената исправа за приемот на тие средства заклучно до денот на поднесувањето на барањето за кредит до банката, а за самопридонесот во работа и во пари што ќе се остваруваат во периодот на прибавувањето на инвестицијата — се утврдува врз основа на претсметковната вредност од инвестициона програма, односно друга инвестиционо-техничка документација врз основа на која се пристапува кон инвестицијата;

8) износот на средствата што корисникот на општествени средства порано ги вложил за приба-

вување локација за изградба на инвестиционен објект — се утврдува врз основа на состојбата на вредноста на тие вложувања искажана во книговодството до денот на поднесувањето на барањето за кредит до банката.

4. Обезбедувањето на сопственото учество за финансирање на инвестиции што претставуваат објекти и опрема за заедничка потрошувачка се врши со издвојување на средства на посебна сметка на корисникот на општествени средства кај Службата на општественото книговодство.

5. Корисникот на општествени средства, кои барањето што го поднесува до банката за добивање на кредит за инвестиција, прилага и доказ за обезбедување на сопственото учество, и тоа:

1) за инвестиција која претставува основно средство — пресметка на Образецот СУ;

2) за инвестиција која претставува средство за заедничка потрошувачка — потврда од Службата на општественото книговодство дека паричните средства за таа намена се издвоени на посебна сметка на корисникот на општествени средства кај таа служба.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1222
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

**Образец СУ**

________________________________________
(фирма, односно назив на корисникот на општествени средства)

ПРЕСМЕТКА

НА СОПСТВЕНОТО УЧЕСТВО ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИЈА ——————
НА —— 19—— ГОДИНА

| Реден број | Реден број од колоната 1 од образецот Биланс на состојбата | Назив на позицијата од колоната 3 на образецот Биланс на состојбата | Износ од колоната 5 на образецот Биланс на состојбата |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | 166 | Деловен фонд | |
| 2 | 169 до 175<br>238 и 239 | Здружени и вложени средства | |
| 3 | 177 до 182 и 236 | Долгорочни кредити | |
| 4 | 184 до 186 | Краткорочни кредити за основни средства | |
| 5 | | Вкупно (ред. бр. 1 до 4) | |
| 6 | 130 | Основни средства во употреба по сегашната вредност | |
| 7 | 131 до 137 | Основни средства во подготовка | |
| 8 | 31 до 34, 39, 40<br>42 и 96 до 111 | Долгорочни и други пласмани | |
| 9 | 138 | Трајно неупотребливи основни средства | |
| 10 | 139 | Запрени инвестиции | |
| 11 | | Вкупно (ред. бр. 6 до 10) | |
| 12 | | Разлика (ред. број 5 минус ред. број 11) | |
| 13 | | Сопствени средства ангажирани според порано одобрени кредити | |
| 14 | | Износ на амортизацијата што е наменет за финансирање на инвестицијата | |
| 15 | | Сопствени средства (ред. број 12 минус ред. број 13 плус ред. број 14) | |
| 16 | | Здружени средства во тековната година | |
| 17 | | Вложени средства по странско лице ско лице | |
| 18 | | Кредити од заемот, односно од задолжително здружување | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 19 | | Самопридонес и лични средства на граѓаните | |
| 20 | | Вложени средства за прибавување на локација | |
| 21 | | Износ на сопственото учество (ред. бр. 15 до 20) | |

Раководител на книговодството, Директор,

Забелешка:

1. Под редениот број 13 се внесува дел од износот искажан под редниот број 12, што е ангажиран за обезбедување на сопствено учество по кредитите за инвестиции одобрени на корисникот на општествени средства до денот кога пресметката се составува.

2. Под редниот број 14 се внесува износот на амортизацијата по претсметката за тековната година што е определен да се користи како учество за финансирање на инвестицијата за која се поднесува барањето за кредит до банката. Ако прибавувањето на основни средства се предвидува во две или повеќе години, под тој реден број се внесува износот на амортизацијата што ќе се утврди за периодот во кој се предвидува дека ќе се врши прибавување на основни средства.

3. Под редните бр. 16 до 20 се внесуваат износите на сопственото учество што корисникот на општествени средства ги обезбедил за финансирање на основните средства за кои на банката и поднесува барање за кредит, и тоа:

— под редниот број 16 се внесува износот на средствата што по основ на здружување се пренесени на жиро-сметката на корисникот на општествени средства од почетокот на годината, односно од статусната промена до денот кога на банката и е поднесено барањето за кредит;

— под редниот број 17 се внесува износот на средствата што корисникот на општествени средства ги обезбедил врз основа на договор за вложување склучен со странско лице;

— под редниот број 18 се внесува износот на средствата што на корисникот на општествени средства му се обезбедени во вид на кредит од заем, односно од задолжително здружување, а според член 9 став 1 точ. 4 и 5 на Законот за посебните услови за давање кредити за инвестиции;

— под редниот број 19 се внесува износот на средствата што на корисникот на општествени средства му се обезбедуваат од самопридонес во работа и во пари во периодот на прибавувањето на инвестицијата, како и личните средства на граѓаните со намена за проширување на материјалната основа на неговиот труд кои според тој основ се пренесени на жиро-сметката на корисникот на општествени средства кај Службата на општественото книговодство од почетокот на годината, односно од статусната промена до денот кога на банката и е поднесено барањето за кредит, а спроед член 9 став 1 точка 6 од Законот за посебните услови за давање кредити за инвестиции;

— под редниот број 20 се внесува износот на средствата што корисникот на општествени средства ги вложил за прибавување на локација за изградба на инвестиционот објект, а според член 9 став 1 точка 7 и став 2 на Законот за посебните услови за давање кредити за инвестиции.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за условите што во поглед на стручноста на работниците, на опремата и на просториите мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд за вршење на преглед и жигосување на мерилата, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 63/79, се поткрале долунаведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ВО ПОГЛЕД НА СТРУЧНОСТА НА РАБОТНИЦИТЕ, НА ОПРЕМАТА И НА ПРОСТОРИИТЕ МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕД И ЖИГОСУВАЊЕ НА МЕРИЛАТА

1. Во член 3 став 3 наместо зборовите: „се подразбира високо стручно образование со завршување" треба да стои: „се подразбира високо стручно образование стекнато со завршување".

Во став 4 наместо зборовите: „најмалото стручно" треба да стои: „најмалото средно стручно".

3. Во член 11 став 1 наместо зборовите: „особено на работите" треба да стои: „а особено на работите".

Од Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, Белград, 17 декември 1979 година

## ОДЛИКУВАЊА

### УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од САП Косово

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Олани Исмајља Хедисе, Шаља Авдулаха Расим;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Будимировиќ-Вукобрад Петра Јела, Клокоќи нина Сахит, Мициќ Марка Младен;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бијули Сејди Хајредин, Касуми Раима Меќид, Перлиќ Александра Димитрије, Суља Селмана Хамди, Витошевиќ Јаничије Тома;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Антиќ Анѓелка Чедомир, Столиќ Недељка Љубомир;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Ахмети Селмана Ферат, Андрејевиќ-Маровиќ Алексе Драгица, Башовиќ Махмута Бехије, Бекери Џемаљи Етхем, Билибани Рамиза Бајрам, Брестовци Ymera Сељами, Ценка Шаќира Ќамиљ, Декиќ-Јовановиќ Марка Љубица, Дрљевиќ Шќепана Милева, Ѓорѓевиќ Илије Тодор, Хашани Нухи Адем, Илиќ Илије Божидар, Kryezi Вели Ешреф, Пајазити Афиза Демуш, Перуновиќ-Ѓапиќ Луке Савета, Поповиќ Лазара Лепосава;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ахметај Реџе Исмаиљ, Алије Алија Ремзије, Алиу Алије Азиз, Антиќ Јаќима Момчило, Анѓетовиќ Стојана Слободан, Бајрами Мухарема Осман, Баљошевиќ Цветка Слободан, Биговиќ-Букелиќ Михајла Бојана, Бојаниќ Петка Милица, Булатовиќ Ѓорѓа Десанка, Цара Илијаза Хедије, Цветковиќ Драгољуба Миливоје, Чеволи Адиља Себахат, Чимбуровиќ-Маричиќ Милисава Јованка, Ќена Спаќи Лезе, Дедиќ Крсте Vојислав, Дениќ-Симиќ Петроније Перса, Дева Мустафе Наџија, Душку Ризах Вахиде, Ѓинали Тазима Хадије, Ѓокиќ Миодрага Ружица, Ѓорѓевиќ Недељка Босиљка, Ѓорѓевиќ Божидара Мирослав, Фазлија Шахина Рамиз, Фуруновиќ-Бојковиќ Божидара Добрила, Гајиќ-Перовиќ Милосава Милева, Гаши Рустема Енвер, Гаши Зечира Синан, Хаџи-Ристиќ Благоје Бисерка, Хасани Хасана Јусуф, Хазири Сулејмана Бајрам, Хазири Азиза Шемседин, Хоџа Рамадана Сахит, Илаз Ахмета Тахири, Исљами Суља Јакуп, Јанковиќ Сретена Живојин, Јовановиќ Душана Благоје, Јовановиќ-Миниќ Добривоја Милена, Јовановиќ-Петровиќ Славица, Кадиќ-Крстиќ Мите Доста, Караѓиќ Васиља Надежда, Каснецај-Шита Љатифа Дурије, Костиќ-Милутиновиќ Добривоја Душанка, Левиќ Трифуна Марко, Љубисављевиќ Душана Аврам, Мајсторовиќ Луке Роксанда, Маколи Исмајла Рустем, Максимовиќ Васе Сава, Марковиќ Петра Трајко, Мијатовиќ Светислава Никола, Милошевиќ-Узелац Симе Борка, Миловановиќ-Радоичиќ Љубе Боса, Морина Мустафа Хисен;

Недовиќ-Марјановиќ Живојина Снежана, Новокмет-Марковиќ Спасоје Ѓурѓа, Нуза Аљуша Хусни, Пантиќ-Живаљевиќ Станише Милијана, Радовановиќ Томаша Милица, Рајчиќ Симеона Велибор, Савиќ-Драшковиќ Милуна Будимирка, Савиќевиќ-Радуловиќ Васе Гарана, Секулиќ Кузмана Јован, Селмани Шерифа Рахим, Симиќ Јована Алекса, Симоновиќ Милана Петко, Стојановиќ Станоје Веселин, Сулејмани Тасима Рамиз, Суља Бајрама Фаик, Стојановиќ Радивоја Миладија, Шаковиќ-Антиќ Радослава Милијана, Шаља Нухи Аљуш, Шавељиќ Стевана Васиљ, Тарана Богдана Роксанда, Трајковиќ Милана Бранислав, Укшини Хасана Авдија, Васовиќ-Милетиќ Милашина Станија, Вековиќ-Богавац Милана Олга, Великиќ Танаска Трифун, Венхари-Алибеговиќ Хадо Дињаверд, Вокши-Деда Хасана Маквира, Златановиќ-Петровиќ Зарија Загорка;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Бејтуш Исмаила Авдулахи, Емин Рама Рама, Филиповиќ Воислава Станоје, Хамди Бечира Коњухи, Јањева Сахита Назмије, Јоксимовиќ Михајла Злата, Красниќи Шабана Ајваз, Поповиќ-Ристовиќ Мирослава Мара, Плана Селмана Шалиху, Рахим Бахтира Черими, Рукије Мехмета Васоли, Садедин Хазера Дургути, Славковиќ-Ратковиќ Александра Чедмила, Томашевиќ-Перовиќ Тодора Стана, Вели Фазли Фазлиу;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Абдуљи Фатеха Фарук, Ахтеми Рифата Заијадин, Авдуљи Ѓафера Фета, Барути Бајрама Саније, Бечири Садрија Весељ, Бериша-Худаверди Раифа Мелиха, Бериша Османа Зинете, Биљали-Фазлиу Ајета Хава, Бркиќ Милорада Љиљана, Буќи Исљама Исмет, Будаљи Халима Qemajl, Булатовиќ-Туњаковиќ Саве Добрила, Черими Ахмета Иљаз, Чукпишти Сељахедина Елеми, Даљипи Сељмана Брахим, Дашиќ-Стокиќ Мирка Радуша, Ѓељи Имера Ветон, Ѓумиќ-Бугаринов Сергије Снежана, Фахрије-Оман Hyseni Думница, Фазли Рамизи, Филијовиќ Чедомира Тодор, Филиповиќ Сава Петар, Гаши Идриза Дуда, Гаши Нухи Џеврија, Гаши Зибера Реџеп, Гаши Сејде Садик, Гаши Сефе Укшин, Грковиќ Крсте Анѓелко;

Хетем Krywziju, Хасани Џафера Шабан, Ислами Ислама Али, Исмајљ Џемајља Шаќир, Јакупи Тефика Иса, Јашари Салиха Емине, Јошиќ Алексе Милорад, Јович Костадина Ѓорѓе, Кајтази Абдурахман Кајтаз, Караман-Мимини Хајре Сањије, Комони Ризах Нусрете, Костиќ Миленка Блажа, Крагиќ Његоша Јосиф, Лакичевиќ-Влашкалиќ Данила Душанка, Љубисављевиќ Милана Светозар, Мамути Абиба Рашит, Мифтари Мифтара Исљам, Мифтари Аљила Мифтар, Михедин Хасана Шарку, Милојковиќ Боривоје Благојка, Милосављевиќ Живојина Станојка, Митиќ-Петковиќ Стојана Верица, Мјекиќи Џафера Џеврије, Морина Зенела Зеќир, Мулабази Хамза Дестан, Мумини-Куртеша Амети Бељђузара, Мустафа Бајрама Исмаиљ, Неза Зенела Хилми, Незире Хасана Ибрахим, Николиќ-Јелиќ Момира Драгица, Нухи Биљали, Обрадовиќ Павла Радуле, Османи Рифата Захиде, Поповиќ-Павличиќ Видака Душанка, Поповиќ Здравка Живко, Радовановиќ-Ѓорѓевиќ Милоша Милена, Радовановиќ Миливоја Сретен, Радовиќ-Миниќ Александра Милијана, Рахмани Шабана Кадрија, Рамадани Махмута Исак, Рамадани Шабана Тефик, Раткоцери Бејтула Азем, Реџепи Османа Невзад, Сабит Халима Блаца, Сараќи-Назифи Ибрахима Фатима, Серафимовиќ Илинка Василија, Симиќ-Грковиќ Момчила Бисерка, Симиќ

Ѓорѓе Сретеније, Соколовиќ Добросава Александар, Стевиќ Стеве Милорад, Стојановиќ Стојадина Момчило, Столиќ-Раденковиќ Александра Милосава, Сулејмани Ејупа Ќемајл, Шабан Бајрама Јахију, Шаља Рустема Аслан, Шарановиќ-Сојевиќ Бисерка, Шарку Шаипа Фахредин, Шешлија Петра Раде, Тасиќ Ристе Јован, Тодоровиќ Симеона Драган, Тополовиќ Милиќа Слободанка, Васовиќ-Самарџиќ Видоја Славојка, Зајми Бесима Беса, Зеќири Ислама Рамадан, Зланога Бајрама Несими, Жуковска-Танасијевиќ Светислава Љиљана.

Бр. 57
15 мај 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Словенија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јарновиќ Ивана Цирил, Јустин Јоже Винко, Марчец Антона Антон, Шток Франца Франц;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Барбо Франца Руди, Блазник Антона Јожица, Михелчич Јожета Павел;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Мозетич-Маврич Јоже Славица, Туш-Дворшак Јакоба Амалија;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бамбич Јанеза Алојз, Баус Винкота Алда, Бавдаж Јоже Бруно, Бохинц Мирка Душан, Брус-Новак Франца Каролина, Брвар Игнаца Виктор, Долиншек Франца Франц, Дравец Јоже Август, Фехер Штефана Ладислав, Гашпершиќ-Повше Јоахима Аница, Гезле-Липовшек Франца Франчишка, Хрибар Ивана Иван, Јамбрович-Лузнар Алојза Алојзија, Коленц Јанеза Антон, Коман Антона Марко, Лукачек-Кочевар Јожефа Ана, Лузар Ивана Петер, Мајерле Ивана Иван, Малданер-Станек Цирила Иванка, Марковина Франа Никола, Мартинец-Павлињек Штефана Марјана, Микуж Антона Јоже, Оливо Алојза Арманд, Ораже Луке Лука, Павец Јулија Зденко, Пољанец Ивана Иван, Пониквар-Добравц Антона Цирила, Селан Франца Франц, Симони Антона Симон, Смрке Јожета Јоже, Старе Ивана Доминик, Stošicky Хенрика Хенрик, Светец-Крамбергер Ивана Иванка, Велкаврх Леополда инг Живко, Загорац Петра Гојко, Зупан Франца Славко;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на вое괂 стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Шкербец Едмунда Едмунд;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Божеглав-Храстар Алојза Ана, Кнавс Лудвика Јоже;

— за заслуги и постигнати успеси во работата на општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Бабник Рудолфа Изидор, Буднар Алојза Матјаж, Поточник Матевжа Јанез.

Бр. 67
6 јуни 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито** с. р.

## СОДРЖИНА:


| | Страна |
|---|---|
| 1. Закон за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените — — — — — — — — | 1 |
| 2. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за составот на сојузните комитети | 14 |
| 3. Одлука за избор на членовите на Советот на федерацијата — — — — — | 15 |
| 4. Одлука за избор на судија на Уставниот суд на Југославија — — — — — — | 16 |
| 5. Одлука за начинот на утврдување на сопственото учество на корисниците на општествени средства за финансирање на инвестиции — — — — — — — | 16 |
| Исправка на Правилникот за условите што во поглед на стручноста на работниците, на опремата и на просториите мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд за вршење на преглед и жигосување на мерилата — — — — — | 18 |
| Одликувања — — — — — — — — — — | 18 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**